Република Македонија
Министерство за финансии
УПРАВА ЗА ЈАВНИ ПРИХОДИ

# ОГЛАСИ

Врз основа на чл. 151 од Законот за даночна постапка („Службен весник на РМ“ бр. 13/06-159/08), Управата за јавни приходи - Регионална дирекција Штип, донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за продажба на движни предмети по пат на усна јавна аукција, заради присилна наплата на достасани, а ненаплатени даноци**

СЕ ОПРЕДЕЛУВА продажба по пат на усна јавна аукција на движните предмети сопственост на даночниот должник П.З.У.Аптека АУРОРА Штип со адреса на седиште ул. Ванчо Прке бб Штип и ЕДБ 4009006133900 со вкупна почетна вредност од 140.000,00 денари, и тоа:

| Ред број | Опис на стварите | Количина | Почетна вредност/ во денари | Вкупна почетна вредност/во денари без ДДВ |
|---|---|---|---|---|
| 1 | **Персонален компјутер без хард диск со тастатура,мнитор и маус** | 1 | 25.000,00 | 25.000,00 |
| 2 | **Сеф мал** | 1 | 5.000,00 | 5000,00 |
| 3 | **Пулт (дрво стакло)** | 1 | 40.000,00 | 40.000,00 |
| 4 | **Рафт голем дрво** | 1 | 30.000,00 | 30.000,00 |
| 5 | **Рафт со стаклени врати** | 1 | 15.000,00 | 15.000,00 |
| 6 | **Пулт(дрвен со стаклени врати)** | 1 | 20.000,00 | 20.000,00 |
| 7 | **Мала маса дрвена** | 1 | 5.000,00 | 5.000,00 |

Движните предмети се продаваат како целина. Во цената на предметите не се вклучени дополнителни давачки и ДДВ и истите се на товар на купувачот.
Усната јавна аукција ќе се одржи на ден 26.10.2009 година во 12.00 часот во просториите на Управа за јавни приходи - Регионална дирекција Штип, на ул. Плоштад Слобода бб Штип.
Движните предмети кои се предмет на продажбата се сместени во магацинскиот простор на Управа за јавни приходи - Регионална дирекција Штип кои се наоѓаат на ул. Железничка б.б. Штип и истите може да се видат секој работен ден од 09.00 до 16.00 часот. Лице за контакт на тел. 075/402-632.
Право на учество на усната јавна аукција имаат сите правни и физички лица
Лицата заинтересирани за купување на движните предмети ќе може да учествуваат на усната јавна аукција доколку депонираат депозит во висина на 10% од утврдената почетна цена најдоцна до денот на одржување на усна јавна аукција на трезорската сметка Министерство за финансии 100000000063095, депозитна сметка на Управата за јавни приходи Скопје 0900515679-696-10, приходна шифра 725939 програма 20.
Сите предмети се продаваат по системот видено купено. Дополнителни рекламации не се примаат.
Аукцијата се заклучува по истекот на 3 минути непосредно по ставањето на најповолната понуда
Купените предмети се преземаат веднаш. Транспортните трошоци паѓаат на товар на купувачот.
Купувачот е должен да го уплати износот веднаш по завршувањето на усната јавна аукција по намалување на депозитот. Во спротивно продажбата со решение се огласува за неважечка, а купувачот го губи правото на поврат на депонираниот депозит. На понудувачите чија понуда не е прифатена депозитот им се враќа по заклучувањето на аукцијата.

---

Врз основа на чл. 151 од Законот за даночна постапка („Службен весник на РМ“, бр.13/06-159/08), Управа за јавни приходи - Регионална дирекција Штип, донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за продажба на недвижност по пат на усна јавна аукција**

СЕ ОПРЕДЕЛУВА продажба по пат на прва усна јавна аукција на недвижноста сопственост на даночниот должник Илинден А.Д. во стечај Делчево со адреса на ул. М.М.Брицо бр.6 Делчево и ЕДБ 4009996101080 со почетна проценета вредност од 786.000,00 денари, означена како:
1. Помошни згради и гаража заведени во Евидентен лист број 10383 за КО Делчево, и тоа:
   - КП 7489, згр.1, вл.1, кат ПР, намена на зградата 00691, викано место М.М.Брицо 6, собност 000, материјал на градба 895, површина 225м2;
   - КП 7489, згр.1, вл.1, кат ПР, намена на зградата 00518, викано место М.М.Брицо 6, собност 000, материјал на градба 895, површина 17м2;
   - КП 7489, згр.1, вл.2, кат 01, намена на зградата 00691, викано место М.М.Брицо 6, собност 000, материјал на градба 895, површина 20м2.

Објектите се продаваат како целина и се неделиви. Објектите се од времен карактер без градежно техничка документација, сите трошкови околу обезбедувањето на сите потребни документи за воведување во сопственост на објектот паѓаат на товар на купувачот.
Усната јавна аукција ќе се одржи на ден 22.10.2009 година со почеток во 12.00 часот во просториите на Управата за Јавни приходи - Даночен шалтер Делчево на ул. М.М. Брицо бб, Делчево.
Недвижноста која е предмет на продажбата се наоѓа на ул. М.М.Брицо бр.6 Делчево, и истата може да се види секој работен ден од 09.00 до 16.00 часот. Лице за контакт на тел. 033/411 720.
Право на учество на усната јавна аукција имаат сите правни и физички лица.
Лицата заинтересирани за купување на недвижноста ќе може да учествуваат на усната јавна аукција доколку депонираат депозит во висина на 10% од утврдената почетна вредност на недвижноста најдоцна до денот на одржување на усна јавна аукција на трезорската сметка Министерство за финансии 100000000063095, депозитна сметка на Управата за јавни приходи Скопје 0900515679-696-10, приходна шифра 725939 програма 20.
Недвижноста се продава по системот ВИДЕНО-КУПЕНО. Дополнителни рекламации не се примаат.
Аукцијата се заклучува по истекот на 3 минути непосредно по ставањето на најповолната понуда.
Купувачот е должен да го уплати износот во рок од 8 дена во спротивно продажбата со решение се огласува за неважечка, а купувачот го губи правото на поврат на депонираниот депозит. На понудувачите чија понуда не е прифатена депозитот им се враќа по заклучувањето на аукцијата.

---

Врз основа на чл. 151 од Законот за даночна постапка („Службен весник на РМ“, бр. 13/06-159/08), Управата за јавни приходи - Регионална дирекција Штип, донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за продажба на недвижност по пат на усна јавна аукција**

СЕ ОПРЕДЕЛУВА продажба по пат на прва усна јавна аукција на недвижноста сопственост на даночниот должник ДОО БАСКЕТ КОМЕРЦ од Кочани, со седиште на адреса ул. Маршал Тито бб, Кочани и ЕДБ 4013996106445 со почетна проценета вредност од 2.874.878,00 денари, означена како:
1. Деловен простор-ходници на спрат заведени во Имотен лист број 5760 за КО Кочани, и тоа:
   - КП 12212, зграда 1, влез 2, кат 1, намена на зграда 00511, викано место Маршал Тито, собност 001, материјал на градба 897, површина 244 м², право на недвижност 831, година на градба 1977- со почетна проценета вредност од 2.226.890,00 денари;

2. Деловен простор-ходници на приземје заведени во Имотен лист број 5760 за КО Кочани, и тоа:
   - КП 12212, зграда 1, влез 2, кат ПР, намена на зграда 00511, викано место Маршал Тито, собност 002, материјал на градба 897, површина 71 м², право на недвижност 831, година на градба 1977 со почетна проценета вредност од 647.988,00 денари;

или со вкупна почетна вредност од 2.874.878,00 денари.

Објектите се продаваат како целина и се неделиви.
Усната јавна аукција ќе се одржи на ден 22.10.2009 година со почеток во 12.00 часот во просториите на Управата за Јавни приходи - Даночен шалтер Кочани што се наоѓаат на ул. 29-ти Ноември бр. 2 Кочани.
Недвижноста која е предмет на продажбата се наоѓа на ул. Маршал Тито бб, Кочани, и истата може да се види секој работен ден од 09.00 до 16.00 часот. Лице за контакт на тел.033/411-720.
Право на учество на усната јавна аукција имаат сите правни и физички лица.
Лицата заинтересирани за купување на недвижноста ќе може да учествуваат на усната јавна аукција доколку депонираат депозит во висина на 10% од утврдената почетна вредност на недвижноста најдоцна до денот на одржување на усна јавна аукција на трезорската сметка Министерство за финансии 100000000063095, депозитна сметка на Управата за јавни приходи Скопје 0900515679-696-10, приходна шифра 725939 програма 20.
Недвижностите се продаваат по системот ВИДЕНО-КУПЕНО. Дополнителни рекламации не се примаат.
Аукцијата се заклучува по истекот на 3 минути непосредно по ставањето на најповолната понуда.
Купувачот е должен да го уплати износот во рок од 8 дена во спротивно продажбата со решение се огласува за неважечка, а купувачот го губи правото на поврат на депонираниот депозит. На понудувачите чија понуда не е прифатена депозитот им се враќа по заклучувањето на аукцијата.

---

Врз основа на чл. 151 од Законот за даночна постапка („Службен весник на РМ“, бр. 13/06-159/08), Управа за јавни приходи - Регионална дирекција Штип, донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за втора слободна (комерцијална )продажба**

СЕ ОПРЕДЕЛУВА втора продажба по пат на слободна (комерцијална) продажба на движните предмети, и тоа:

| Ред. број | Опис на стварите | Количина | Должина во метри/ килограми/ волумен во м3 | Почетна вредност/ во денари |
|---|---|---|---|---|
| 1 | **Профил ЗП 1004** | 215 | 6 м | 400,00 |
| 2 | **Профил ЗП 1204** | 137 | 6 м | 400,00 |
| 3 | **Црни цеви ф101,6** | 4 | 6 м | 1.500,00 |
| 4 | **Црни цеви ф 108x5** | 4 | 6 м | 1.600,00 |
| 5 | **УНП-24** | 4 | 6 м | 6.000,00 |
| 6 | **УНП-24** | 1 | 6,3 м | 6.500,00 |
| 7 | **УНП-24** | 1 | 4 м | 4.000,00 |
| 8 | **Профил 40/40/3.2** | 8 | 6 м | 400,00 |
| 9 | **Плоснато железо** | | 4500 кг | 20,00 |
| 10 | **Л винкла 30/30** | 130 | 6 м | 250,00 |
| 11 | **Црни цеви ф 108x5** | 9 | 1,85 м | 300,00 |
| 12 | **Црни цеви ф 44** | 120 | 6 м | 350,00 |
| 13 | **Профил 120/120/5** | 3 | 6 м | 1.200,00 |
| 14 | **Профил 120/120/5** | 1 | 5 м | 1.000,00 |
| 15 | **Профил 100/40** | 1 | 6 м | 800,00 |
| 16 | **Црна цева ф 160/5** | 6 | 2,44 м | 700,00 |
| 17 | **Профил 40x25** | 1 | 6 м | 300,00 |
| 18 | **Профил 10x10** | 10 | 6 м | 80,00 |
| 19 | **Профил УНП 14** | 16 | 6 м | 3.000,00 |
| 20 | **Профил ИНП 16** | 11 | 6 м | 3.000,00 |
| 21 | **Профил ИНП 16** | 7 | 1,5 м | 600,00 |
| 22 | **Канделабри** | 6 | 9 м | 7.000,00 |
| 23 | **Талпа 5** | | 4,5 м3 | 7.000,00 |
| 24 | **Греди 12x12** | | 0,3 м3 | 6.000,00 |
| 25 | **Греди 14x16** | | 0,71 м3 | 6.000,00 |
| 26 | **Јарболи** | 4 | 8,2 м | 8.000,00 |
| 27 | **Ограда Л 2,5м x X 2м** | 10 | 25 м | 300,00 |

Попишани и запленети во постапка на присилна наплата што се води спрема даночниот должник Гранит СБ Инжинеринг експорт-импорт ДОО Делчево, со адреса на ул.Звегорска река бб Делчево и ЕДБ 4009006109120.
Право на учество на слободната (комерцијална) продажба имаат сите правни и физички лица.
Сите заинтересирани лица да достават понуди со дознака “НЕ ОТВАРАЈ“ до Управа за Јавни Приходи - Регионална дирекција Штип на ул. Плоштад Слобода бб Штип, најдоцна до 23.10.2009 година.
Слободната продажба ќе се одржи на ден 28.10.2009 година во 11.00 часот во просториите на Управа за јавни приходи - Регионална дирекција Штип, Даночен шалтер Делчево што се наоѓаат на ул. М.М. Брицо бб Делчево.
Движните предмети кои се предмет на комерцијалната продажба се сместени во кругот на даночниот должник Гранит СБ Инжинеринг експорт-импорт ДОО Делчево, кои се наогаат на ул. Звегорска река бб Делчево и истите може да се видат секој работен ден од 09.00 до 16.00 часот. Лице за контакт на тел. 076/446-727.
Во постигнатата цена не се вклучени дополнителни давачки и ДДВ.Трошоците за преносот на предметот на продажбата паѓаат на товар на купувачот.
Предметите се продаваат по системот видено купено. Дополнителни рекламации не се примаат.

Учесникот со највисоката понуда е должен да го уплати износот веднаш по завршувањето на слободната (комерцијална) продажба, а не подоцна од осум дена од денот на заклучувањето на слободната (комерцијална) продажба. Во спротивно учесникот со највисоката понуда го губи правото на учесник со највисока понуда а предметот се продава на наредниот учесник кој понудил највисока понуда.
Купениот предмет се презема веднаш по плакањето на постигната цена.

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

Од даночниот должник Гранит СБ Инжинеринг експорт-импорт ДОО Делчево во постапка на присилна наплата на даночен долг по Решение бр.2115-2463/86/2 од 09.07.2009 година за присилна наплата на даночен долг од движни предмети, со Записник бр.2115-2463/86/3 од 22.07.2009 година попишани и запленети се движни предмети како во диспозитивот.

Бидејќи по одржаната јавна аукција останаа непродадени горенаведените движни предмети, согласно чл.151 ст.5 од Законот се пристапи кон втора слободна (комерцијална) продажба.

---

Врз основа на чл. 151 ст. 5 од Законот за даночна постапка („Службен весник на РМ“, бр.13/06-159/08), Управа за јавни приходи - Регионална дирекција Скопје, донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за слободна (комерцијална) продажба**

СЕ ОПРЕДЕЛУВА продажба по пат на слободна (комерцијална) продажба на движните предмети:
Апарат Фотолабораторија Коника модел 858 - комад/парчиња – 1,
попишани и запленети во присилна наплата што се води спрема даночниот должник "ТРАК ШПЕД" ДООЕЛ од Скопје, со ЕДБ 4030003478476.

Сите заинтересирани лица да достават понуди со дознака “НЕ ОТВАРАЈ” до Управа за јавни приходи - Регионална дирекција Скопје ул.11 Октомври бр.27, најдоцна до 20.10.2009 година.
Слободната продажба ќе се одржи во просториите на Управа за јавни приходи - Регионална дирекција Скопје, на ул. 11 Октомври бр.27, на ден 20.10.2009 година со почеток во 11.00 часот.

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

Од даночниот должник “ТРАК ШПЕД” ДООЕЛ од Скопје, со ЕДБ 4030003478476 во присилна наплата на даночен долг по решение бр.16-29/185 од 11.09.2006 година за присилна наплата на даночен долг од движни предмети, попишани и запленети се движни предмети како во диспозитивот.

Бидејќи по одржаните две јавни аукции, и тоа на 02.12.2008 и на 21.07.2009 година, останаа непродадени горе наведените движни предмети, согласно чл. 151 ст.5 од Законот се пристапи кон слободна (комерцијална) продажба.

---

Врз основа на чл. 151 ст. 5 од Законот за даночна постапка („Службен весник на РМ”, бр. 13/06-159/08), Управата за јавни приходи - Регионална дирекција Скопје, донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за слободна (комерцијална) продажба**

СЕ ОПРЕДЕЛУВА продажба по пат на слободна (комерцијална) продажба на движните предмети:
1. Резервоар за гориво - комад/парчиња - 1;
2. Гарнитура дихтунзи М12/13 - комад/парчиња - 2;
3. Гарнитура дихтунзи „МАН” - комад/парчиња - 2;
4. Гарнитура клипови „Фиат 1300” - комад/парчиња - 1;
5. Украсна Маска „Фиат Типо” - комад/парчиња - 3;
6. Хилзни „Рено 21” - комад/парчиња - 4;
7. Автомат Анласер М12/13 - комад/парчиња - 4;
8. Ракета Светло „ТАМ” М 12/18 - комад/парчиња - 3;
9. Намотски анласер ,,Мерцедес,,- комад/парчиња-1;
10. Семеринг Тркало 115-140-13 - комад/парчиња - 20;
11. Гарнитура лагери радилици „ТАМ” - комад/парчиња – 12.

попишани и запленети во присилна наплата што се води спрема даночниот должник “БЕТА”НИНО Дооел од Скопје, со ЕДБ 4030996125204.
Сите заинтересирани лица да достават понуди со дознака “НЕ ОТВАРАЈ” до Управа за јавни приходи - Регионална дирекција Скопје, ул.11 Октомври бр.27, најдоцна до 20.10.2009 година.
Слободната продажба ќе се одржи во просториите на Управа за јавни приходи - Регионална дирекција Скопје, на ул. 11 Октомври бр.27, на ден 20.10.2009 година со почеток во 11.00 часот.

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

Од даночниот должник "БЕТА"НИНО ДООЕЛ од Скопје, со ЕДБ 4030996125204 за присилна наплата на даночен долг од движни предмети, попишани и запленети се движни предмети како во диспозитивот.

Бидејќи по одржаните две јавни аукции, останаа непродадени горе наведените движни предмети, согласно чл. 151 ст.5 од Законот се пристапи кон слободна (комерцијална) продажба.

Република Македонија
Министерство за финансии
УПРАВА ЗА ЈАВНИ ПРИХОДИ

# ОГЛАСИ

Врз основа на чл. 151 ст. 5 од Законот за даночна постапка („Службен весник на РМ“, бр.13/06-159/08), Управата за јавни приходи - Регионална дирекција Кавадарци, донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за слободна (комерцијална) продажба**

СЕ ОПРЕДЕЛУВА продажба по пат на слободна (комерцијална) продажба на движните предмети:

| Ред. бр. | Вид на предмети | Количина | Поединечна проценета вредност | Вкупна проценета вредност |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Антико екстра вино од 0,75 литри | 577 пакети х 6 бр. = 3.462 бр. | 144,00 | 498.528,00 |
| 2. | Мистико екстра вино од 0,75 литри | 456 пакети х 6 бр. = 2.736 бр. | 115,00 | 314.640,00 |
| 3. | Романтико екстра вино од 0,75 литри | 154 пакети х 6 бр. = 924 бр. | 115,00 | 106.260,00 |
| | **ВКУПНО:** | **1.187 пакети = 7.122 бр. шишиња** | | **919.428,00** |

попишани и запленети во присилна наплата што се води спрема даночниот должник „Повардарие“ Винарска Визба АД - Ц.О од Неготино, со ЕДБ 4019991104459.

Сите заинтересирани лица да достават понуди со дознака “НЕ ОТВАРАЈ” до Управа за јавни приходи - Регионална дирекција Кавадарци – Кавадарци, на ул.Едвард Кардељ бб, најдоцна до 28.10.2009 година. Слободната продажба ќе се одржи во просториите на Управа за јавни приходи - Регионална дирекција Кавадарци, на ул. Едвард Кардељ бр.бб, на ден 28.10.2009 година со почеток во 11.00 часот.

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

Од даночниот должник „Повардарие“ Винарска Визба АД - ЦО од Неготино во присилна наплата на даночен долг по решение бр.16-2858/40-4 од 27/07.2005 година за присилна наплата на даночен долг од движни предмети, попишани и запленети се движни предмети како во дизпозитивот.

Бидејќи по одржаните две јавни аукции и тоа на ден 30.06.2006 и 06.09.2006 година останаа непродадени горе наведените движни предмети, согласно чл. 151 ст.5 од Законот се пристапи кон слободна (комерцијална) продажба.

---

Врз основа на чл. 151 ст. 5 од Законот за даночна постапка („Службен весник на РМ“. бр.13/06-159/08), Управа за јавни приходи - Регионална дирекција Скопје, донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за слободна (комерцијална) продажба**

СЕ ОПРЕДЕЛУВА продажба по пат на слободна (комерцијална) продажба на движните предмети:
1. Бансек за Текстил-сечење - комад/парчиња - 1;
2. Листови Бансек за Текстил - комад/парчиња – 9,

попишани и запленети во присилна наплата што се води спрема даночниот должник "КОНДИР" ДОО од Скопје, со ЕДБ 4030994182537.
Сите заинтересирани лица да достават понуди со дознака “НЕ ОТВАРАЈ” до Управа за јавни приходи - Регионална дирекција Скопје ул.11 Октомври бр.27, најдоцна до 20.10.2009 година.
Слободната продажба ќе се одржи во просториите на Управа за јавни приходи - Регионална дирекција Скопје, на ул. 11 Октомври бр.27, на ден 20.10.2009 година со почеток во 11.00 часот.

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

Од даночниот должник "КОНДИР" ДОО од Скопје, со ЕДБ 4030994182537 во присилна наплата на даночен долг по решение бр.16-4/66 од 07.04.2005 година за присилна наплата на даночен долг од движни предмети, попишани и запленети се движни предмети како во дизпозитивот.

Бидејќи по одржаните две јавни аукции, останаа непродадени горе наведените движни предмети, согласно чл. 151 ст.5 од Законот се пристапи кон слободна (комерцијална) продажба.

---

Врз основа на чл. 151 ст. 5 од Законот за даночна постапка („Службен весник на РМ“, бр.13/06-159/08), Управата за јавни приходи - Регионална дирекција Скопје, донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за слободна (комерцијална) продажба**

СЕ ОПРЕДЕЛУВА продажба по пат на слободна (комерцијална) продажба на движниот предмет:
Комбиниран котел за парно со бојлер - комад/парчиња - 1; поединечна вредност – 45.000,00 денари,
попишани и запленети во присилна наплата што се води спрема даночниот должник "ИНТЕРСКОЧ-ФМ" ДООЕЛ од Скопје, со ЕДБ 4030998351805.

Сите заинтересирани лица да достават понуди со дознака “НЕ ОТВАРАЈ” до Управа за јавни приходи - Регионална дирекција Скопје, ул.11 Октомври бр.27, најдоцна до 20.10.2009 година.
Слободната продажба ќе се одржи во просториите на Управа за јавни приходи - Регионална дирекција Скопје, на ул. 11 Октомври бр.27, на ден 20.10.2009 година со почеток во 11.00 часот..

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

Од даночниот должник “ИНТЕРСКОЧ-ФМ“ ДООЕЛ од Скопје, со ЕДБ 4030998351805 во присилна наплата на даночен долг по решение бр.16-29/144 од 31.08.2006 година за присилна наплата на даночен долг од движни предмети, попишани и запленети се движни предмети како во дизпозитивот.

Бидејќи по одржаните две јавни аукции и тоа на ден 21.01.2009 и 21.07.2009 година останаа непродадени горе наведените движни предмети, согласно чл. 151 ст.5 од Законот се пристапи кон слободна (комерцијална) продажба.

---

Управата за јавни приходи - Регионална дирекција Битола врз основа на член 151 од Законот за даночна постапка („Службен весник на РМ“, бр. 13/2006 ...105/09) објавува

**ЗАКЛУЧОК**
**за продажба на движни ствари по пат на усна јавна аукција, заради присилна наплата на достасани, а ненаплатени даноци**

Се продава по пат на усна јавна аукција моторно возило сопственост на даночниот должник КУЛЕВСКА МИМОЗА од Битола ул. Кузман Јосифовски бб ЕМБГ 2704968415004 и тоа:

| Ред. бр. | Опис на стварите | Количина | Почетна вредност | Вкупна почетна вредност/ во денари без ДДВ |
|---|---|---|---|---|
| 1 | моторцикл марка YIYING тип YY 50 QT произведено 2007 година | 1 | 50.000,00 ден. | 50.000,00 ден. |
| | **Вкупно:** | | | **50.000,00 ден.** |

Во цената на предметот не се вклучени дополнителни давачки и ДДВ. Преносот на предметот на продажбата паѓаат на товар на купувачот.
Јавната усна аукција ќе се одржи на ден 29.10.2009 година (четврток) во 12.00 часот во просториите на Управата за јавни приходи - Регионална дирекција Битола, ул. Борис Кидрич бр.24а.
Моторното возило што е предмет на јавната усна аукција може да се разгледа на 28.10.2009 година (среда) од 10.00 до 14.00 часот, на ул. Цар Самоил бр. 140/1/2 во Битола кај О.У. Стив Наумов, на спротивната страна од паркот.
Право на учество на јавната усна аукција имаат сите правни и физички лица.
Лицата заинтересирани за купување на движните ствари ќе може да учествуваат на јавната усна аукција доколку депонираат депозит во висина на 10% од утврдената почетна цена најкасно до денот на одржување на јавната усна аукција на трезорската сметка Министерство за финансии 100000000063095, депозитна сметка на Управата за јавни приходи Скопје 0900515679 - 696 - 10, приходна шифра 725939 програма 20.
Возилото се продава по системот видено купено. Дополнителни рекламации не се примаат.
Аукцијата се заклучува по истекот на 3 минути непосредно по ставањето на најповолната понуда.
Купените ствари се преземаат веднаш. Транспортните трошоци паѓаат на товар на купувачот.
Купувачот е должен да го уплати износот веднаш по завршувањето на јавната усна аукција по намалување на депозитот. Во спротивно продажбата со решение се огласува за неважечка, а купувачот го губи правото на поврат на депонираниот депозит. На понудувачите чија понуда не е прифатена депозитот им се враќа по заклучување на аукцијата.

---

Врз основа на чл. 151 ст. 5 од Законот за даночна постапка („Службен весник на РМ“, бр.13/06-159/08), Управа за јавни приходи - Регионална дирекција Скопје, донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за слободна (комерцијална) продажба**

СЕ ОПРЕДЕЛУВА продажба по пат на слободна (комерцијална) продажба на движните предмети:
Машина за жица-комад/парчиња – 4,
попишани и запленети во присилна наплата што се води спрема даночниот должник “КУПРУМ АД“ од Скопје, со ЕДБ 4030974271525.

Сите заинтересирани лица да достават понуди со дознака “НЕ ОТВАРАЈ” до Управа за јавни приходи - Регионална дирекција Скопје ул.11 Октомври бр.27, најдоцна до 20.10.2009 година.
Слободната продажба ќе се одржи во просториите на Управа за јавни приходи - Регионална дирекција Скопје, на ул. 11 Октомври бр.27, на ден 20.10.2009 година со почеток во 11.00 часот.

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

Од даночниот должник "КУПРУМ АД" од Скопје, со ЕДБ 4030974271525 во присилна наплата на даночен долг по решение бр.16-2390/4 од 15.03.2004 год за присилна наплата на даночен долг од движни предмети, попишани и запленети се движни предмети како во дизпозитивот.

Бидејќи по одржаните две јавни аукции, останаа непродадени горе наведените движни предмети, согласно чл. 151 ст.5 од Законот се пристапи кон слободна (комерцијална) продажба.

---

Врз основа на чл. 151 ст. 5 од Законот за даночна постапка („Службен весник на РМ“, бр. 13/06-159/08), Управата за јавни приходи - Регионална дирекција Скопје, донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за слободна (комерцијална) продажба**

СЕ ОПРЕДЕЛУВА продажба по пат на слободна (комерцијална) продажба на движните предмети:
1. Покер Апарати - комад/парчиња - 12;
2. Цилиндри за рулет - комад/парчиња - 10;
3. Маси за цилиндри за рулет - комад/парчиња - 3;
4. Маси за блек џек - комад/парчиња - 5 ;
5. Електронски сеф -комад/парчиња - 2;
6. Идентификатор за пари - комад/парчиња - 1;

попишани и запленети во присилна наплата што се води спрема даночниот должник "ДУДИН-Т" ДОО од Скопје, со ЕДБ 403099333877.
Сите заинтересирани лица да достават понуди со дознака “НЕ ОТВАРАЈ” до Управа за јавни приходи - Регионална дирекција Скопје, ул.11 Октомври бр.27, најдоцна до 20.10.2009 година.
Слободната продажба ќе се одржи во просториите на Управа за јавни приходи - Регионална дирекција Скопје, на ул. 11 Октомври бр.27, на ден 20.102009 година со почеток во 11.30 часот.

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

Од даночниот должник "ДУДИН-Т" ДОО од Скопје, со ЕДБ 403099333877 во присилна наплата на даночен долг по решение бр.21/68 од 06.03.2008 година за присилна наплата на даночен долг од движни предмети, попишани и запленети се движни предмети како во дизпозитивот.

Бидејќи по одржаните две јавни аукции и тоа на ден 21.01.2009 година и 21.07.2009 година останаа непродадени горе наведените движни предмети, согласно чл. 151 ст.5 од Законот се пристапи кон слободна (комерцијална) продажба.